Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-28/1
03.01.2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 818/1 од 20.11.2023 година, поднесена од [redacted] од [redacted] против Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за извршена дискриминација врз основа на пол во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 21.12.2023 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-818/1 од 20.11.2023 година, поднесена од [redacted] од с. [redacted] против Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за извршена дискриминација врз основа на пол во областа на работата и работните односи **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 20.11.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] против Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за извршена дискриминација врз основа на пол во областа на работата и работните односи.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, **околностите и фактите врз кои се темели претставката**, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што претставката не содржеше доволен опис, односно факти и околности за тврдењето за сторена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на ден 21.11.2023 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката во насока што ќе наведе дополнителни факти и околности, како и подетално образложение за опишаното дејствие наведено во претставката.

Претставката не беше доуредена во предвидениот законски рок од страна на подносителот и следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката заради неуредност.

Скопје
3.1.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Republika e Maqedonisë së Veriut – KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI – Скопје – Shkup



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk